**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ВИШ УПРАВЕН СУД**
**СУ.бр.0102-427/2021-2**
**12.07.2022 година**
**Скопје**

Претседателот на Вишиот управен суд, Исмета Амет, согласно со член 88 од Законот за судовите („Службен весник на РМ"бр.58/06, бр.150/10 и 83/18) и член 112 од Судскиот деловник („Службен весник на РМ"бр.66/2013,114/2014), на седницата на судии на Вишиот управен суд, одржана на ден 12.07.2022 година, го утврди следниот:

**ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА РАСПОРЕДОТ ЗА РАБОТА НА ВИШ УПРАВЕН СУД ЗА 2022 ГОДИНА**
**за претседателот на судот и судиите, заведен под СУ.бр.0102-427/2021 од 29.12.2021 година и СУ.бр.0102-427/2021-1 од 11.03.2022 година**

Според член 113 од Судсиот деловник, („Службен весник на РМ" бр.66/13,144/14), доколку настапат промени на условите под кои е донесен годишниот распоред за работа во судот и тоа се одразува на успешното работење на судот, во текот на годината може да се изврши негово изменување и дополнување согласно постапката за донесување од овој деловник.

**I**

Распоредот за работа на Виш управен суд за 2022 година – за претседателот на судот и судиите СУ.бр.0102-427/2021 од 29.12.2021 година и Измената и дополнувањето на Распоредот за работа на Виш управен суд за 2022 година СУ.бр.0102-427/2021-1 од 11.03.2022 година, во Воведниот дел, ставот 2 се брише.

**II**

Во Распоредот за работа на Виш управен суд за 2022 година – за претседателот на судот и судиите СУ.бр.0102-427/2021 од 29.12.2021 година и Измената и дополнувањето на Распоредот за работа ба Виш управен суд за 2022 година СУ.бр.0102-427/2021-1 од 11.03.2022 година, во **Глава II СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ СУДСКИ СОВЕТИ,** се менува и дополнува на начин што во:

**Во делот III - СПЕЦИЈАЛИЗИРАН СУДСКИ СОВЕТ ЗА ДАНОЧНИ, ЦАРИНСКИ И ДРУГИ ПРАВА, став 1 и точка 1, се менуваат и гласат:**

**„ Формиран е еден судски совет.**

**Во овој судски совет, се одлучува за правата од областа за даноци, царини и други права, и тоа за: персонален данок; данок на добивка, данок**

**на додадена вредност, данок на имот, даночен долг, контрола на данок, даночен гарант, сите видови на данок на промет, присилна наплата, одлагање на извршување за наплата, комунална дејност; комунална такса, права од индустриска сопственост и интелектуална сопственост, трговски марка, авторски права, присилно извршување на судска такса, донации и спонзорства, донации од јавен интерес, финансиска поддршка за исплата на плати, регистрација на грб и знаме,заложно право, регистрација на даночен обврзник, контрола на трговски друштва, утврдување почетна вредност на недвижност; мерки на инспекциски надзор од областа на комунална дејност; молчење на администрација и управни договори од горе наведените области, прекршоци од областа на даноци, царински давачки, задолжителна тарифна информација, измена на податоци во царинска декларација, акцизи, правата од област азил, статус на бегалец, добивање и одземање патни исправи, државјанство, живеалиште и престојувалиште (пријава, одјава и престанок); одобрение за престој на малолетно лице, матична евиденција на граѓаните; полагање приемен испит (нотари, извршители, обвинители); основ разрешување од должност - носители на јавна функција, обвинители, нотари, извршители, адвокати и дисциплински постапки, дискриминација; оружје, добивање и престанок на дозволи за носење оружје и негово одземање; молчење на администрација и управни договори од горе наведени области, како и царински, акцизни и девизни прекршоци, и повреда на административна процедура според Законот за Влада на Република Македонија, Службен весник на РМ бр. 59/2000... бр.196/15, оспорени решенија на Управен одбор на Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев, Скопје, изборни предмети, верификација на мандат на пратеник, распоредување на работно место, дисциплински мерки на член на Управен одбор на институт на ревизори и оспорени одлуки на Судски совет на Република Северна Македонија.“**

Точка 2, се брише.

**II**

Во Распоредот за работа на Виш управен суд за 2022 година – за претседателот на судот и судиите СУ.бр.0102-427/2021 од 29.12.2021 година и Измената и дополнувањето на Распоредот за работа ба Виш управен суд за 2022 година СУ.бр.0102-427/2021-1 од 11.03.2022 година, во **Глава III** :

Во Точка 2, зборовите **„Субхи Јакупи и судија Светлана Костова“**, се заменуваат со зборовите **„ Дијана Димитрова и судија Емрије Зубери Амити“**

**Точка 3**, се менува и гласи:

**„ 3. Во II –от специјализиран судски совет за пензиски, инвалидски, социјални права, здравствени права, права од работен однос, финансиски и други права, се формира еден судски совет, во кој се распоредуваат судиите: Субхи Јакупи – Претседател на совет, судија Дијана Димитрова и судија Емрије Зубери Амити, членови на совет.“**

Точка 4, став 1, после зборовите „во кој се распоредуваат судиите:", се менува и гласи: **„судија Субхи Јакупи – Претседател на советот, судија Дијана Димитрова, судија Емрије Зубери Амити, судија Виолета Илиевска и судија Светлана Костова, членови на советот."**

Точка 4, став 2, после зборовите „во кој се распоредуваат судиите:", се менува и гласи: **„судија Субхи Јакупи – Претседател на советот, судија Дијана Димитрова и судија Емрије Зубери Амити, членови на советот."**

Точка 5, став 1 и став 2, се менуваат и гласат:

**„ Во III-от специјализиран судски совет за даночни, царински и други права, се распоредуваат судиите: судија Мирјана Василевска – Претседател на советот, судија Виолета Илиевска и судија Светлана Костова, членови на советот."**

Точка 5, став 3, после зборовите „во кој се распоредуваат судиите:", се менува и гласи: **„судија Мирјана Василевска – Претседател на советот, судија Виолета Илиевска, судија Светлана Костова, судија Лидија Георгиевска и судија Рина Исени, членови на советот."**

Точка 5, став 4, после зборовите „во кој се распоредуваат судиите:", се менува и гласи: **„судија Мирјана Василевска – Претседател на советот, судија Виолета Илиевска и судија Светлана Костова, членови на советот."**

Во точка 5, став 5, став 6 и став 7, се бришат.

Точка 7, се менува и гласи:

**„ Во случај на отсуство, спреченост или други оправдани причини на судија Анита Данилова како претседател на совет и како претседател на совет од петмина судии во првиот специјализиран судски совет, ја заменува судија Субхи Јакупи – Претседател на совет. Во случај на отсуство, спреченост или други оправдани причини на судија Субхи Јакупи, како замена на судија Анита Данилова, ке ја заменува судија Мирјана Василевска – Претседател на совет."**

Точка 8, се менува и гласи:

**„ Во случај на отсуство, спреченост или други оправдани причини на судија Субхи Јакупи како претседател на совет и како претседател на совет од петмина судии во вториот специјализиран судски совет, ја заменува судија Мирјана Василевска – Претседател на совет. Во случај на отсуство, спреченост или други оправдани причини на судија Мирјана Василевска како замена на судија Субхи Јакупи, ке ја заменува судија Анита Данилова– Претседател на совет."**

Точка 9, се менува и гласи:

**„ Во случај на отсуство, спреченост или други оправдани причини на судија Мирјана Василевска како претседател на совет и како претседател на совет од петмина судии во третиот специјализиран судски совет, ја заменува судија Анита Данилова – Претседател на совет. Во случај на**

**отсуство, спреченост или други оправдани причини на судија Анита Данилова, како замена на судија Мирјана Василевска, ке ја заменува судија Субхи Јакупи —Претседател на совет.“**

Точка 10, се брише.

Во останатиот дел, Распоредот за работа на Виш управен суд за 2022 година – за претседателот на судот и судиите СУ.бр.0102-427/2021 од 29.12.2021 година и Измената и дополнувањето на Распоредот за работа на Виш управен суд за 2022 година СУ.бр.0102-427/2021-1 од 11.03.2022 година, остануваат неизменети.

Наведената измена, е резултат на решенијата на Судски совет на Република Северна Македонија со кои на судиите на Вишиот управен суд, Загорка Тноковска, Лидија Каначковиќ, Владанка Панчурова Сулејманова и Фани Илиевска, заклучно со 30.06.2022 година, им е констатирано дека им престанува судската функција поради исполнување услови за старосна пензија.

Измените и дополнувањата на Распоредот, ќе важат до донесување нов распоред за работа на Управниот суд.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВИШ УПРАВЕН СУД**
**ИСМЕТА АМЕТ**